Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-756/2
31-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-756 од 26.10.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 27.10.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 756/1 од 26.10.2023 година поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 26.10.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Претставката е поднесена против лицето [redacted], на чиј профил на социјалната мрежа Facebook на ден 21.9.2023 година била објавена следната содржина:
„Уцените на говнарите. Уште од лани укажував на ова по информациите од [redacted]. Сега и црно на бело имате.
„До сите жители на Пустец, ако не се пишете како етнички Бугари на пописот ќе ви се одземат пасошите, а ако сте во процедура за пасош ќе ви биде прекината“
Битно идентитетот го заштитија таче маричич и бујар“.

Подносителите наведуваат дека со ваквата објава, [redacted] ја коментира објавата на бугарскиот државјанин [redacted] нарекувајќи го бугарскиот народ „говнари“. Во врска со лицето [redacted] наведуваат дека тој е обичен граѓанин на Република Бугарија, кој во ниту едно својство не ја застапува бугарската држава и народ, ниту ги застапува и штити интересите на бугарскиот народ, без разлика каде тој живее. Дотолку повеќе, наведуваат дека [redacted] како водител на ТВ Шоу на [redacted] треба да разликува што е лажна вест, односно дека согласно Законот за државјанство на Република Бугарија и европската легислатива, на државјанин на Бугарија, а со тоа и на државјанин на Европската Унија, не може да му биде одземено државјанството или пасошот заради слободно изразување на неговата национална или етничка припадност. Следствено, истакнуваат дека не може поради дејствие или постапка на еден поединец, цел еден народ да биде наречен „говнари“ и дека истиот тој народ „уценува“.

Исто така, подносителите наведуваат уште една објава на [redacted] на неговиот Facebook профил, каде на 25.9.2023 година објавил видео од девојка со темна боја на кожата, како зборува бугарски јазик и ги покажува своите ученици од истата раса како ги учи да зборуваат англиски, но и

бугарски јазик. Притоа, [redacted] за видеото напишал: „Бидејќи велат дека сме ист народ, еве видете си ја братучетката". Со ова, подносителите сметаат дека тој сторил вознемирување не само кон бугарскиот народ, туку и кон граѓаните на Р.С. Македонија кои имаат темна боја на кожата, нивно исмејување, расизам и нетрпеливост.

Последно во претставката е наведено дека со истакнатите содржини, лицето [redacted] шири омраза, раздор, нетрпеливост и расизам, со што сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во смисла на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на раса, потекло, национална и етничка припадност.

Согласно наводите и тврдењата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзините надлежности. Имено, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека во првата објава станува збор за содржина која потпаѓа под Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, додека пак во втората објава, содржината би можела да потпадне под член 394-г од Кривичниот законик, а тоа е ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека дека во конкретниот случај не се работи за прашања кои се во надлежност на Комисијата.

Скопје
31.10.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]